РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3806/4
17-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција за подносителот ----- -------------, Градоначалник на Општина -----------, Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 11.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 5844 од 2019 година, оформен по анонимна пријава број 12 – 5844/1 од 03.12.2019 година доставена од ----- -------------, Градоначалник на Општина -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-5844 од 2019 година, во предметниот случај постапува друг надлежен орган .

Предметот со број 12-5844 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 5844 од 2019 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12 - 5844/1 од 31.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, од подносителот ----- -------------, Градоначалник на Општина -----------.

Во доставената пријава се изнесени наводи против претходниот градоначалник на Општина --------- ---, --------- ------------, за можно противзаконито постапување и злоупотреба на неговата службена положба и овластување во постапка по поднесено барање во 2011 година за легализација на бесправно изграден објект на лицето --------- ---------- од ------------- и наводи за сомневање дека со конечниот исход од постапката бил оштетен буџетот на државата на локално ниво и било овозможено да одредено физичко лице се стекне со имот од значителна вредност на противправен начин.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до ОЈО Гостивар за информации и податоци во врска со предметниот случај. По барањето на Државната комисија доставено е известување со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- Во доставената пријава се наведува, дека по однос на предметната постапка било постапено од страна на Општина ---------, по пријава/информација добиена од укажувач, а по извршениот увид во документацијата со која располагала Општина дошла до сознание за можно противзаконито постапување од страна на претходниот градоначалник при постапувањето во предметната постапка за легализација и за основано сомнение дека со конечниот исход од постапката бил оштетен буџетот на државата на локално ниво и дека постојат елементи на корумпираност поради фактот што лице со службена положба и овластување овозможил да одредено физичко лице се стекне со имот од значителна вредност на противправен начин а од друга страна на институцијата во која работи и нанел штета а за себе можна придобивка. По барање на Општината, било спроведено и вештачење за случајот и од страна на Бирото за судски вештачења бил изготвен наод и мислење бр.----/---- од 23.04.2019 година, а вештачењето било извршено од вешто лице во датум од 24.12.2018 до 18.01.2019 година.

Од страна на Општината, со цел да се утврди фактичката состојба за случајот, била поднесена кривична пријава за екс Градоначалникот на Општина --------,-------- --------до Основно јавно обвинителство Гостивар, за постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување која во обвинителството била заведена под КО. бр. ----/-- и кривична пријава против ------- ---------од ------------ за постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело Бесправно градење која во ОЈО Гостивар била заведена под КО. Бр----/----.

Подносителот, во својство на сегашен Градоначалник, ја поднесува предметната пријава, имајќи го предвид фактот дека до денот на поднесувањето на пријавата до ДКСК, ОЈО Гостивар и по приложување на сите писмени докази со кои располагала Општина ----------- за конкретниот предмет и по *изминувањето на цела една година, немало воопшто постапено по предметите за поднесените кривични* пријави. Кон пријавата до ДКСК, приложени се сите писмени докази кои биле доставени до предметното основно јавно обвинителство, за да може ДКСК постапи во рамките на своите овластувања согласно закон и интерните акти, да постапи и да го истражи случајот и да покрене соодветна постапка пред надлежни органи.

-При извршени проверки дојдено е до сознанија дека,

*На 24.06.2013 година, има објава во медиуми (---------) под наслов „Малверзации со дивоградбите, државата поднесува кривични пријави за градоначалници", објавена по информации добиени од страна на извори надлежни за контрола на општините во спроведување на постапката за легализацијата, а во која се наведува дека градоначалници и раководители на секторите за урбанизам заработиле кривични и прекршочни пријави поради нерегуларности во процесот на легализација на дивоградбите.*

*Според сознанијата на медиумот кој ја објавил оваа вест, Државниот управен инспекторат извршил инспекциски надзор во 84 општини во земјава, за да се види како постапуваат по барањата за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. При тоа од страна на инспекторите од Државниот управен инспекторат, биле поднесени кривични и прекршочни пријави, против градоначалници и раководителите, поради нерегуларности во процесот на легализација на дивоградбите. Во објавата меѓу другото е објавено и дека Државниот управен инспекторат биле поведени и дисциплински постапки против државни службеници, а за некои од градоначалниците биле поведени и постапки за порамнување и дека доставена била и покана за порамнување во општината Врапчиште до градоначалникот ------- -------.*

-На ден 16.11.2020 година, по барање на ДКСК доставено е известување од ОЈО Гостивар со кое се известува дека до ова јавно обвинителство била поднесена кривична пријава против лицето --------- ----- ---------, од страна на Општина ---------------, по која било постапено и било побарано податоци од Општината и биле испратени покани за сослушување за ден 11.12.2020 година. Воедно, во наведеното обвинителство бил оформен предмет и по кривична пријава против лицето -------- -----------, поднесена од страна на Општина ------------, по која било постапено и било побарано податоци од Општината и биле испратени покани за сослушување за ден 11.12.2020 година. Од наведеното произлегува дека пред надлежното обвинителство се водат постапки кои се во тек.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека по однос на наводите од предметниот случај се водат постапки пред друг надлежен орган - Основно јавно обвинителство Гостивар пред кој истите се во тек и се уште не била донесена конечна јавнообвинителска одлука. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 декември 2020 година под бр. 12- 3806/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : Г.Т.,член на ДКСК